З А П И С Н И К
од Сто шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 април 2026 година

Скопје, април 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 април 2026 година

Седницата започна во 11:20 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Адмир Шабани, заменик на министерот за одбрана, д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваше и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка

2. Предлог-одлука за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*
*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка.

<u>Точка 2</u>

Владата ја донесе Одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата.

<u>Точка 3</u>

По однос на оваа точка немаше предлози.

<u>Точка 4</u>

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*
*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:30 часот.